


**Деловни он-лајн бази на податоци на ЕУ**

# ТАРИК

## и други современи услуги

enterprise europe network
Мрежа на бизнис можности

АПП
АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

European Commission

### *Што претставува TARIC?*

Тарик е повеќејазична, он-лајн база на податоци за царинските тарифи на Европската Унија, во која се интегрирани сите мерки во врска со важечките тарифи, како и комерцијалното и земјоделско законодавство. Дневната размена на податоците преку е електронската мрежа во ***TARIC,*** е гаранција дека тие се секогаш актуелни и точни.

### *Која е целта на TARIC?*

Една од целите е да им овозможи на трговците лесно достапни, дневно ажурирани, бесплатни, и едноставни за користење информации во врска со тарифите и трговското законодавство. Тоа ја елиминира потребата од пребарување низ стотици примероци на Службениот Весник на ЕУ, претставувајќи ги информациите во многу пристапна и лесно читлива форма. Сите економски чинители можат да добијат јасен увид во обврските или ограничувањата кои ќе треба да ги испочитуваат при увоз или извоз на стоки. Информациите, исто така, широко се користени од страна на меѓународните организации или трговски здруженија, а особно се корисни за компаниите кои даваат логистичка поддршка, посредување и други услуги, како дел од меѓународните снадбувачки ланци на стока.

### *Кој друг го користи TARIC?*

TARIC, дополнително, им овозможи на националните администрации на земјите-членки да ги користат неговите податоците за да ги надградуваат со податоци своите националните системи за царинење, со цел максимизирање на перформансите на системите за автоматското царинење.

### *Кои се предностите на TARIC?*

Интегрирајќи ги сите мерки кои се однесуваат на тарифите, комерцијалното и земјоделско законодавство, TARIC помага овие правила соодветно да се применуваат подеднакво од сите земји членки. TARIC, исто така, озможува прибирање на статистички податоци околу мерките кои се однесуваат на целата заедница.

### *Што покрива терминот TARIC?*

*TARIC ги содржи следните најважни категории:*

• ***тарифни мерки*** (царински стапки на трети земји - се однесува на на целосна царинска давачка, без било какви намалувања, суспензии или повластици, како што е дефинирано во Комбинираната номенклатура; суспензија на двачките, тарифни квоти, тарифни повластици);

• ***земјоделски мерки*** (земјоделски компоненти; дополнителни давачки за содржина на шеќер и брашно; компензаторни давачки);

• ***рефундирања*** заради извоз на основни и преработени земјоделски производи;

• ***комерцијални мерки*** (анти-дампинг мерки, компензаторни давачки);

• ***мерки кои се однесуваат на ограничување на движењата на стоките*** (увозни и извозни забрани, увозни и извозни ограничувања; ограничувања на количината на увезената/извезената стока);

• ***мерки за осигурување на прибирањето на статистички податоци*** (надзор над увезена/извезена стока).

TARIC не содржи информации кои се однесуваат на националните давачки, како што се на ДДВ стапките и стапки на акцизите.

***Како може да се пристапи* TARIC?**

Базата на податоци е достапна на интернет на веб страната на Европската комисија: http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/tarhome_en.htm

До горенаведената страница, исто така, може да се пристапи и преку Европскиот царински информативен портал: http://ec.europa.eu/ecip

Останати бази на податоци кои се дел од информатичките системи за даноци и царини:

***OEO - Овластен економски оператори***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/aeohome_en.htm

**EOTI - *задолжителни тарифни информации***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/ebticau_en.htm

***ECICS – Европска царинска листа на хемиски супстанци***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/cgi-bin/ecics2home?Periodic=0&Lang=EN

***EORI – Регистерски и Матичен број на економските оператори***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/eorihome_en.htm

***EXPORT - Следење стоките при извоз***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/cgi-bin/ecshome?Lang=EN

***QUOTA - Тарифни квоти***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/qotcau_en.htm

***SEED - Систем за размена на податоци во врска со Акцизите***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/seedcau_en.htm

***SURVEILLANCE - статистичко следење на увозот и извозот***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/survhome_en.htm

***SUSPENSIONS - автономна тарифа суспензии***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/sushome_en.htm

***Даноците во Европа***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/taxation/gen_info/info_docs/tax_inventory/index_en.htm

***Царински испоставии - канцеларии каде што се издаваат транзитни декларации:***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/csrdhome_en.htm

***TRANSIT - MRN (Референтен број на движење на стоките) Follow-up информации***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/cgi-bin/mishome?Lang=EN

***VIES - Систем за размена на информации во врска со ДДВ***
http://ec.europa.eu/taxation_customs/vies/lang.do?fromWhichPage=vieshome&selectedLanguage=EN

**www.apprm.gov.mk**
**www.een.mk**
**контакт: eiicm@apprm.gov.mk**
**тел: 02 3120 132**

Neither the European Commission nor any person acting on behalf of the European Commission is responsible for the use which might be made of the information contained herein. The views in this publication are those of the author and do not necessarily refl ect the policies of the European Commission.